РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-8186/56
28.11. 2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) и Правилникот за начинот, условите и постапката за добивање на финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, со наод и мислење, во училиштата во Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" 12/24), а во врска со Јавниот повик бр.09-8186/1 од 14.11.2025 година за добивање финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, со наод и мислење, во училиштата во општина Струмица во наставната 2025/2026 година, Градоначалникот на Општина Струмица го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за продолжување на рокот на Јавниот повик за добивање на финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, со наод и мислење, во училиштата во Општина Струмица во наставната 2025/2026 година

Член 1

Финансиската поддршка определена со Јавниот повик бр.09-8186/1 од 14.11.2025 година, за добивање на финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, со наод и мислење, во училиштата во Општина Струмица во наставната 2025/2026 година се зголемува за 1.500 денари, односно вкупниот износ изнесува 3.000 денари и истата ќе важи за сите апликанти кои поднеле пријави на Јавниот повик.

Член 2

Поради зголемување на утврдената сума се продолжува рокот за поднесување на барања на заинтересирани родители по Јавниот повик до 09.12.2025 година.

Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно потребите и Јавниот повик бр.09-8186/1 од 14.11.2025 година е констатирано дека е утврдено зголемување на сумата, со што истата ќе се применува за сите кои аплицирале на Јавниот повик под условите на претходната сума. Градоначалникот на Општина Струмица го продолжува рокот за поднесување на барања до 09.12.2025 година.

Општина Струмица
Градоначалник
Петар Јанков